Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) подготви инфографик за Онлајн екстремизмот во РСМ при што ги користеше податоците објавени во истражувањето [Онлајн екстремизмот во Северна Македонија: политика, етникуми и религија](#) на истражувачите на Мрежата Стронг ситис ( [Strong Cities Network](#) ).




Од истражувањето се гледа дека екстремизмот како појава во виртуелната сфера постои и кај етничките Македонци и кај етничките Албанци. Од содржините кои имаат карактер на поларизација, омраза и екстремизам, најбројни се наративите со политичка поларизација. Поголем процент од пораките се на македонски јазик (73%). Најголем број од овие пораки се објавени на Твитер (55%), а потоа следуваат Фејсбук и Веб форумите. Околу една четвртина од идентификуваните содржини имаат елементи на етничка омраза.

За користењето на податоците, МЦМС обезбеди претходна согласност. Самата подготовка е направена како дел од програмата „Пат кон отпорност и реинтеграција на ранливите семејства во заедницата (РРП)“ што ја спроведуваат МЦМС, Нексус – граѓански концепти, Иницијативата за европска перспектива, Плеиадес и Хоризон Цивитас, а финансиски го поддржува Глобалниот фонд за ангажираност и отпорност на заедницата – ГЦЕРФ.

# ОНЛАЈН ЕКСТРЕМИЗАМ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА: ПОЛИТИКА, ЕТНИКУМИ И РЕЛИГИЈА

Во овој инфографик се презентирани дел од наодите од извештајот „Онлајн екстремизмот во Северна Македонија – политики, етникуми и религија“ објавен од мрежата Strong Cities во јануари 2022 година. Инфографикот е дел од напорите на МЦМС да и ги приближат на јавноста појавите на дискриминација, (не)толеранција, екстремизам, тероризам, радикализам, ресоцијализација, рехабилитација, реинтеграција итн.

За да ги соберат податоците, истражувачите користеле 251 клучен термин и тоа, 114 на албански јазик и 137 на македонски јазик (кирилично и латинично писмо) со кои филтрирале релевантни информации. Клучните термини се дефинирани врз основа на експертизата на персоналот, десктоп истражување и „детектор на изненадувачки фрази“.
Наодите биле класифицирани и структурирани во три под-категории на содржини со омраза: политичка/идеолошка, етно-национална и религиозна. Автоматизираното собирање и оценување на податоци било извршено со посебна алатка за обработка на јазици Метод 52 (Method52), дизајниран од Центарот за анализа на социјални медиуми (Centre for Analysis of Social Media).

## ПОДАТОЦИ

Користејќи софтвер за автоматско собирање, во периодот од 1 јануари 2019 до 15 јули 2021 година, собрани се 3.235.938 веб-содржини објавени на: Твитер, Фејсбук, 13 Јутјуб канали, 89 јавно достапни групи, пет форуми и 74 национални медиумски извори. Повеќето од овие податоци се собрани од веб-форуми (1.573.000), Твитер (1.486.139) и други медиуми (156.129)

Од каде се земени податоците




Каков е карактерот на содржината




## СОДРЖИНА

Истражувачите на Strong Cities собраа околу 1.290.554 пораки на македонски и албански јазик. Од нив, 20.670 (2%) беа содржини кои имаат карактер на поларизација, омраза и екстремизам. Наративите со политичка поларизација беа најбројни, идентификувани беа 18.371 такви релевантни содржини, а оние со карактер на етничка омраза беа 2.299. Што се однесува до содржините поврзани со религија, истражувачите идентификуваа податоци кои не можеа да бидат собрани автоматски.

## ЈАЗИК

Од 18.371 објави со елементи на политичка поларизација, 13.562 биле напишани на македонски јазик, а 4.809 на албански јазик.

Јазик на кој се објавени содржините




Социјални медиуми користени за содржина на македонски јазик




## СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ/ ПОЛАРИЗАЦИЈА

Речиси половина од содржините со елементи на